**Бр. 03-1670**
**28.12.2020 год.**

Врз основа на член 114, а во врска со член 37, став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 од 28.6.2019 год.), член 49 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18.10.2019 год.), и член 23 и 24 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (Одлука на ФСС ФВМС бр. 18-536/2 заверена во архива на 10.4.2020 год.), Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, назначена со Одлука на Деканот на ФВМС бр. 03-1613 од 17.12. 2020 год., во состав: проф. д-р Игор Улчар, претседател, односно негов заменик проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Бранко Атанасов, член, односно негов заменик проф. д-р Никола Адамов, Нада Цветановска, студент, член, Неда Кузмановска, студент, член и Сандра Ташковска, студент, член, врз основа на резултатите од изборите спроведени на 25.12.2020 год., ја донесува следнава

# ОДЛУКА
## за констатирање на изборот на предложените кандидати за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2020/2021 година

### Точка 1

Се констатира дека пријавениот кандидат за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје **Методи Илиески**, студент на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан VII семестар, ги исполнува условите за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, предвидени со членовите 22, 23, 24 и 30 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека е избран за претседател на ФСС ФВМС за учебната 2020/2021 година.

### Точка 2

Се констатира дека пријавените кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од прва година **Ирем Адемовиќ** и **Ева Андреевска**, студенти на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан I семестар, ги исполнуваат условите за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, предвидени со



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

членовите 22, 23 и 24 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека се избрани за членови на ФСС ФВМС од прва година за учебната 2020/2021 година.

**Точка 3**

Се констатира дека пријавените кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од втора година **Христина Недељковиќ** и **Тамара Танкоска**, студенти на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан III семестар, ги исполнуваат условите за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, предвидени со членовите 22, 23 и 24 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека се избрани за членови на ФСС ФВМС од втора година за учебната 2020/2021 година.

**Точка 4**

Се констатира дека пријавените кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од трета година **Кристина Велинова** и **Викторија Трајановска**, студенти на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан V семестар, ги исполнуваат условите за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, предвидени со членовите 22, 23 и 24 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека се избрани за членови на ФСС ФВМС од трета година за учебната 2020/2021 година.

**Точка 5**

Се констатира дека пријавените кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од четврта година **Ненад Димковски** и **Андреа Стојановска**, студенти на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан VII семестар, ги исполнуваат условите за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, предвидени со членовите 22, 23 и 24 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека се избрани за членови на ФСС ФВМС од четврта година за учебната 2020/2021 година.

**Точка 6**

Се констатира дека пријавените кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од петта година **Ивана Василевска** и **Емилија Мурџева**, студенти на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан IX семестар, ги исполнуваат условите за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје,



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје тел: +389 2 3240 700 е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
Република Северна Македонија факс: +389 2 3114 619 http://www.fvm.ukim.edu.mk

предвидени со членовите 22, 23 и 24 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека се избрани за членови на ФСС ФВМС од петта година за учебната 2020/2021 година.

**Точка 7**

Се констатира дека пријавениот кандидат за член на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од шеста година **Димитар Чурлинов**, студент на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со запишан XI семестар, ги исполнува условите за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, предвидени со членовите 22, 23 и 24 од Статутот на ФСС ФВМС, односно дека е избран за член на ФСС ФВМС од шеста година за учебната 2020/2021 година.

**Точка 8**

Бројот на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2020/2021 година изнесува 11.

**Точка 9**

Одлуката за констатирање на изборот на претседател и на членови на на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е конечна.

**Образложение:**

Изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2020/2021 година се одржаа на 25.12.2020 год., врз основа на Одлуката на Деканот за распишување избори бр. 03-1613 од 17.12.2020 год. Кандидатите за членови на ФСС ФВМС беа предложени на собири со студентите од сите шест студиски години, организирани од далечина на платформата „Тимс“, што е дадено во Записникот за утврдување на кандидати за членови на ФСС ФВМС бр. 03-1625 од 21.12.2020 год. За претседател се пријави еден кандидат, кој достави пријава за кандидатура проследена со 20 потписи од студенти, заверена под бр. 03-1649 на 24.12.2020, и констатирана од Комисијата во Записникот за утврдување кандидати за претседател на ФСС ФВМС бр. 03-1649/2 од 24.12.2020 год. Изборите се одржаа со физичко присуство на студентите во просториите на ФВМС на 25.12.2020 год. во период од 10 до 14 часот. Изборните резултати се дадени во Записникот за спроведување на изборите на членови на ФСС ФВМС бр. 03-1625/2 од 25.12.2020 год. и Записникот за спроведување на изборите на претседател на ФСС ФВМС бр. 03-1649/3 од 25.12.2020 год. Врз основа на овие резултати беше одлучено онака како што е наведено во точките 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Изборна комисија:
проф. д-р Игор Улчар, с.р.
проф. д-р Бранко Атанасов, с.р.
Нада Цветановска, с.р.
Неда Кузмановска, с.р.
Сандра Ташковска, с.р.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk